РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-4202/3
08-06-2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава од ------------------- од ---------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 30-тата седница одржана на 15.05.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена на 06.09.2019 година од ----------------- од ------------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-4202/1 од 06.09.2019 година, а во која се укажува на состојба поврзана со емитување серијали и емисии снимени на турски јазик на телевизиите во Република Северна Македонија со позајмени гласови на актери на македонски јазик, без писмен титл превод на македонски јазик, без наведување на податоци за конкретна телевизија, конкретна емисија или серијал се однесуваат наводите во пријавата, **СЕ ОТФРЛА**.

Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 12-4202/1 од 06.09.2019 година нема елементи за нејзино натамошно постапување поради тоа што пријавата не содржи конкретни податоци за состојбата која се опишува.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-4202/1 од 06.09.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од ------------------ од --------------.

Во пријавата се наведува дека група од 30-тина лица, како што е наведено во пријавата, дошла на идеја сите серијали и емисии снимени на турски говорен јазик, кои се прикажуваат на телевизиите во Република Северна Македонија, да се преведат на македонски јазик и со ангажирање на актери и позајмување на нивните гласови да се прикажуваат на телевизииите во нашата земја. Во пријавата се наведува дека со ваквиот начин на прикажување на серијалите, кој се одвива повеќе години наназад, за што ангажираните актери кои за нивниот ангажман земаат годишни хонорари, најпогодени се

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

глувонемите лица  кои не се во можност да ги следат овие серијали и емисии на телевизиите. Во пријавата е опишана општа состојба со прикажување на серијалите и емисиите снимени на труски јазик, кои се прикажуваат со  позајмени гласови на актери на македонски јазик, а не со писмен титл превод на македонски јазик  без наведување на конкретна телевизија, конкретна емисија и или серијали и други слични конкретни податоци.

Со оглед на фактот дека пријавата не содржи податоци за која телевизија, која емисија или серијал се однесуваат наводите  во пријавата, ДКСК не беше во можност да пристапи кон испитување на наводите и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**